www.jub.eu

# JUB Магазин

Година V
Број 8
Февруари 2012
ЈУБ дооел
Скопје



Jumix

## Нов информативен систем - инвестиција во иднината

Нешто ново

## Нови декоративни техники

Интервју

## Од идеа до реализација

# jupol




jupol
Block
jupol
Classic
jupol
jupol
Junior
jupol
jupol
Trend
jupol
Gold
jupol
Brilliant

JUB



Содржина:


- Вовед ........ 03
- Актуелно ... ........ 04
- Вести ........ 06
- Интервју ........ 12
- JUB Академија........ 14
- Jumix........ 16
- Моја приказна ........ 19
- Нови производи........ 21
- Нешто ново ........ 22
- Совет ........ 26
- Хумор ........ 28
- JUB дизајн студио........30



| | |
|---|---|
| Издава | Jub дооел - Скопје |
| Адреса | бул. Јане Сандански бр.79а-3 |
| Телефон | 02/ 2454-027 |
| E-mail | jubmagazin@jub.com.mk |
| Уредник | Катерина Бошкова |
| Редакциски одбор | ЈУБ дооел - Скопје |
| Дизајн | Катерина Бошкова |
| Припрема и печати | Макстен графика - Скопје |


По завршувањето на долгата и ладна зима оваа година, на повидок е новата пролет која ќе ни овозможи нови инвестиции во домовите, било да се тоа стари или нови градби.
Во овој број на JUB Магазин, покрај тоа што ќе ве информираме за активностите што ги направивме во изминатиов период, ќе ве запознаеме и со новите производи и декоративни техники кои ги направивме за сите наши потрошувачи кои не се задоволуваат со малку, туку секогаш сакаат нешто повеќе. Да почнеме редоследно, на страна 4, Ви го претставуваме новото сопствено производство на EPS-стиропор со кое на нашите купувачи им нудиме комплетен систем за изработка на термо фасада или Jubizol fasada. Со почеток на страна 6, следат вестите од групацијата имено JUB е веќе 10 години во Србија, како и хуманитарните акции спроведени на територија на матичната фирма во Р.Словенија. Следи интервјуто со сопственикот на трговскиот дуќан Примавера во Гостивар – Агим Арифи и активностите на JUB Академијата. На страна 16 ви ги пренесуваме идеите и реализацијата на проектот за подобрување на софтверот за Jumix системот. По оваа информација следи приказната на нашата соработничка дпл. инг. арх. Билјана Мукаетова, која ни го пренесува личното искуство при изработката на Jubizol fasada на сопствениот објект во Скопје. И покрај многуте нови производи, за овој број на JUB Магазин се одлучивме да ви го прикажеме производот Akrinol Flex, но и новите декоративни техники кои се однесуваат за внатрешни ѕидни површини, а сето ова може да го прочитате на страна 21 – 25. Како и во минатите броеви, така и во овој број на JUB Магазин, ве советуваме за изборот на вистинката боја за вашиот дом. Нешто пред крај одлучивме и малку да ве „насмееме“ со неколку слики од областа на градежништвото, т.е. каков е крајниот ефект доколку нема добра релација помеѓу архитектите, проектантите и градежниците. За самиот крај остануваат дел од изработките на JDS за предходниот период.
Драги наши читатели, ајде заедно да се дружиме на саемот за градежништво и оваа година на исто место и во исто време, а потоа и да се фатиме за работа и да ја направиме оваа 2012 година најуспешна за секој од нас.
Да скоро видување, остануваме скогаш ваш верен магазин - JUB Магазин.

SIQ ISO 9001 Q-159 ISO 14001 E-034 — CERTIFIED IQNet MANAGEMENT SYSTEM

# Сопствено производство на EPS - стиропор

**Наше мото е – да ја искористиме топлината во зимските месеци и да обезбедиме ладовина во летните месеци. Од 2012 година JUB почнува со производство на експандиран полистирен - EPS стиропор, кој е сé поважен поради сé поголемите напори за изградба на ниско енергетски објекти. Овие промени се поддржани од страна на Европската комисија, која до 2020 година ќе воведува нова директива за енергетска ефикасност на објектите.**

Енергетска ефикасност-тема за која што во последно време многу се зборува. Заложбите на сите нас се насочени кон намалување на потрошувачката на енергија во сите сегменти. Во градежништвото, овие заложби се манифестираат со изградба на објекти кои ќе бидат што подобро изолирани и неподложни на надворешни влијанија. За таа цел, на новоизградените објекти се вградуваат кровови кои се сé подобро изолирани, столарија со т.н. терпмо-пан прозорци, а ѕидовите се изолираат со термофасадни системи. Во термофасадните системи се употребуваат најразлични термоизолациони материјали, но во пракса, најчесто користен изолационен материјал е експандираниот полистирен – EPS или популарно познат како стиропор. JUB, како производител на материјали за термофасадниот систем, одамна се носеше со идејата за отварање на погон за производство на стиропор. Созревањето на оваа идеја се случи паралелно со сé поголемите заложби на заедницата за енергетска ефикасност. Сакајќи да даде свој придонес во рамки на овие заложби, JUB се одлучи за инвестиција во нов производен капацитет за производство на EPS. Со оглед на тоа дека во својата производна програма JUB веќе ги има останатите материјали кои се дел од термофасадниот систем, идејата беше поддржана, а со цел на пазарот да му се понуди комплетен термофасаден систем, или како што сакаме ние во JUB да кажеме-„Фасаден систем по мерка на потрошувачот„.



Проектот се подготвуваше неколку месеци, со цел да се предвидат сите неопходни работи за негово реализирање. Откако завршија сите подготвителни работи, во Јули 2011 година отпочна изградбата на објектот кој се протега на површина од 3.600 m2, а паралелно со изградбата траеше и набавката на опремата.

Монтажата на опремата беше следниот чекор: 5 недели се монтираше системот на силоси, производната линија со системот на цевководи околу 3 месеци, а линијата за сечење беше во потполност поставена за 14 дена, а исто толку беше потребно и за линијата за пакување.

Она што е карактеристично и што е од особено значење е поставувањето на фотоволтажни (соларни) панели на покривот, кои ќе обезбедуваат дел од потребната електрична енергија за производството. Со тоа на објектот му се даде посебна димензија, во склад со заложбите за намалување на потрошувачката на енергија, со учество на енергијата добиена од обновливи извори, во случајов - од сончева енергија.

Експандираниот полистирен е производ на врвна и висококвалитетна технолошка опрема, која што ја одликуваат извонредна топлинска и звучна изолација, стабилност на димензиите, висока заштеда на енергија и усогласеност со европскиот стандард SIST EN 13163 за употреба од темел до покрив.



**Најважни составни делови на производството на стиропор**

Производството на EPS - стиропор е поделено во три најважни фази:

• Производство на EPS блокови,
• Сечење,
• Пакување и палетизирање.

Предуслов за производство на експандиран материјал и блокови од стиропор е водената пареа, произведена во парен котел, кој е поврзан со плински уред. За тоа е потребно да се подготви водата, која во парниот котел доаѓа преку јонски изменувачи. За да се обезбеди непречено производство, се користи акумулатор на водена пареа, кој ја задржува жешката вода за одредено време.

Производство на блокови

Најпрво, суровината се експандира во т.н. предекспанзиски сад, при што добиваме топчиња кои се ладат и сушат 24 часа. Во втората фаза, експандираниот материјал се транспортира во посебна блок-комора, каде што се прават блокови од 5 $m^3$ со различна густина. Самата технологија овозможува блокот целосно да се исуши и стабилизира веќе за седум дена, кога блокот е спремен за сечење. Изработката на периметар плочи и плочи за цокле, со зголемена цврстина на притисок, се одвива посебно.



Сечење на блоковите

Линијата за сечење се состои од линии за хоризонтално, вертикално и попречно сечење (cross cutter), при што со сечење на блокот можат да се добијат најразлични димензии на плочи. Посебен дел на линијата за сечење претставува линијата за сечење на контури (contour cutter), на која што се добиваат најразлични облици , како на пример: плочи со преклоп, плочи со резови, технички стиропор и.т.н.



Пакување и палетизирање

Последен дел од технолошката опрема претставува линијата за пакување и палетизирање, која е сосема автоматизирана. Роботската единица ги составува различните делови во пакети, кои се обвиткуваат на автоматски обвиткувач, а потоа роботот ги подготвува пакетите за палетизирање.

Компјутеризирано управување со производството

Управувањето со целото производство се одвива преку PLC контрола. Постоечкиот систем на компјутерски апликации овозможува детално следење на целото производство.

Истовремено со реализацијата на проектот за новата фабрика за стиропор, надоаѓаа најразлични идеи за тоа што сé може да се направи заедно со експандираниот полистирен - EPS, па затоа си оставивме малку слободен простор за ширење на програмот. Но, тоа е друга прилика, која се надевам следува...

Пробното производство почна во Јануари 2012 година, а по успешното тестирање на добиените производи, отпочна и редовното производство. Со новото производство на EPS, на пазарот ќе му понудиме стиропор под сопствена трговска марка – Eurotherm, како и стиропор во рамки на топлотноизолациониот систем JUBIZOL.

Ќе се произведува широк асортиман на производи во зависност од:

• густината: стиропор со четири различни густини и фасаден стиропор,
• составот: графитен и бел,
• димензиите: од 1cm до 30cm,
• обликот: закривени и прави плочи,
• обработката: обични плочи, со преклоп и со жлебови, а на посебен автомат ќе се произведуваат и т.н. периметар плочи, наменети пред сé за вградување на цоклиња.

Со оглед на тоа дека производството се одвива со најсовремена технологија, убедени сме дака ќе произведуваме стиропор кој ќе биде најшироко и безрезервно прифатен од нашите верни купувачи, а оние кои веќе го набавиле и го вградиле не го кријат своето задоволство од неговиот квалитет и му даваат најдобри оценки и критики во секој поглед.

# JUB 10 години во Србија!

**На 16.12.2011, го одбележавме 10 годишното работење во Србија. На овој прв јубилеј присуствуваа претставници од локалната заедница, председателот и членови на управата на JUB-H од Словенија, како и вработените во JUB d.o.o. Шимановци.**

На оваа свеченост ја искористивме приликата на сите присутни да им прикажеме филм – ретроспектива за доаѓањето на компанијата JUB во Шимановци, во која ги има изјавите на челните луѓе како од компанијата JUB, така и од општината Печинци. Направивме и специјална анкета на луѓето од локалната заедница, кои ги дадоа своите коментари за JUB. На присутните на прославата во текот на официјалниот дел им се обрати директорот на компанијата JUB doo г. Владимир Милетиќ, претседателот на управата JUB Словенија г. Штефан Хојер, како и претседателот на Општината Печинци г. Бата Марковиќ. Специјални гости на оваа вечер беа младите каратисти од карате клубот „Срем – Шимановци" кои настапија со специјалена програма наменета за оваа прилика, како и девојчето Кристина Арсенијевиќ, која напиша специјална песна во чест на компанијата JUB.



Pesma za JUB

Hajde ljudi, dođite ovde,
tu vam se boje prave,
tu su vam žute, zelene, sive,
crvene, braon i plave.

Pitate kako se svaka ona
kao takva može da proda,
zašto se oranž dobije kada se
crvena u žutu doda?

Plava za beskraj, žuta je živa,
bela za sreću, crna za tugu,
radost crvena, za starost siva
-i vec smo potrošili celu dugu!

I što bi jedan pesnik rek`o
- malo je pesme, malo je reči,
jedva sam čekao da dođe neko
ko će škole da nam okreči.

JUB će nas pratiti u svakoj priči
(već sam u srednjoj i nisam mala),
svaka nam škola na proleće liči!
Za deset godina ovih im hvala!

Kada porastem i prođu škole
direktor JUBa ja buću!
I mene, sva će deca da vole,
kao što se dive Vladi Miletiću!

Kristina Arsenijević



# Натпревар на молери во Словенија

**Одделот на молери при занаетчиската комора на Словенија на 25.11.2011 година ја организираше својата веќе 13 – та по ред хуманитарна акција.**

Овој пат акцијата е наменета на Центарот за слух и говор од Марибор, во кој се вклучени 132 деца со потешкотии во говорот, глуви и наглуви деца, како и деца со аутистично нарушување. На 13 –то натпреварување 90 молери во еден ден пребоија 3.800 м2 сидни површини во градинки, училишта и 5 здравствени амбуланти, а вредноста на извршените работи и материјалот, организаторот ја оцени на околу 45.000,00 евра. Секоја година JUB е генерален покровител на овие натпревари.



Штефан Павлињек, претседател на занаетчиската комора на Словенија, во своето официјално писмо рече: „Особено сум горд на колегите молери кои сите овие години покажаа големо чувство за солидарност и добротворност. Хуманитарно натпреварувачката акција, сега веќе е традиционална и во занаетчиската комора навистина ќе вложиме напори и во иднина да ја поддржиме. Ваквите добротворни акции помеѓу занаетчиите не се реткост. Занаетчиите со своето знаење и со своите вредни раце многу им помагаат на луѓето во неволја, при некои поголеми несреќи, лични трагедии итн..., а за колегите во неволја имаме основано и своја занаетчиска хуманитарна установа.“

Директорката м-р. Дуња Петак, нагласи дека оваа акција на молерите е од особено значење за Центарот: „Среќни сме дека оваа година бевме одбрани од страна на Занаетчиската комора на Словенија, за оваа хуманитарна акција. Веќе наредната недела нашата работа во учлниците и во градинките ќе се одвива непречено, затоа на сите кои ни помогнаа вистински од срце сме им благодарни.“



Натпреварувањето го започна Бранко Горичан во дамнешната 1999 година, кој беше претседател на градежниот оддел при занаетчиската комора Птуј, кој наведе дека учесниците секоја година изведуваат комплексни молерски работи во овие јавни установи, каде што обновувањето на просториите, поради големите финансиски издатоци почесто е неизвесно и се одложува за во иднина, па затоа акцијата има првенствено хуманитарна цел. 19 натпреварувачки екипи се состојат од 38 молери, а во хуманитарниот дел, учествуваат уште 52 доброволци, помеѓу кои и учениците од средните градежни училишта од Марибор и Крањ, кои во пракса се запознаваат со важноста на професионалноста во својата струка и со тоа даваат свој придонес во завршното уредување на објектот.

Претпријатијата кои го овозможија одржувањето на оваа хуманитарна акција со донирање на бои, премази, алати и друг потребен материјал се: JUB кој секоја година е генерален покровител на овие натпреварувања, Žima, Tesa Tape и Rigips, а учествуваат уште и Mercator, Паркетарство Podeks од Птуј и заводот VDC Tončke Hočevar.



# Акушерската болница од Постојна обвиткана во нови бои

**Во Постоинското породилиште овие денови е навистина весело, бидејќи тоа е веќе облечено во нежни и прекрасни нијанси на боите Jupol Junior.**



Иницијативата за ова пребојување во соработка со својот деловен партнер JUB, ја даде Барбара Новак од претпријатието Netvizija, која кај нас го организира семејниот настан „Волшебен ден". На свежо обоениот изглед посебно беше возбуден нашиот признат Словенски акушер др. Александар Мерло, кој нагласи дека подарокот за овогодишниот празник св. Никола за нивната болница е особено великодушен: „На нашата акушерска болница и беше потребно темелно реновирање, особено сум среќен дека нашето приемно одделение, чекалниците и другите простории во приземјето овие денови веќе сјаат во потопли бои. Пред сé сме им благодарни на Барбара Новак и на претпријатието JUB, кои ни ги обезбедија своите еколошки бои Jupol Junior, како и на нивните архитекти кои за пребојувањето на нашиот објект направија соодветни нацрти. Особено сме благодарни на хуманитарната екипа на вредните молери од Логатец, кои со своите четки и валјаци вистински ни го разубавија овој празничен Декември, бидејќи просториите ги пребоија за рекордни 3 дена. Знам и верувам дека сите посетители како и сите наши вработени сега кај нас подобро ќе се чувствуваат."

Сашо Кокаљ, директор на развојот во JUB, нагласи дека се горди кога учествуваат во вакви акции. Како успешно словенско претпријатие ја разбираат својата општествена одговорност и учествуваат во акции кои имаат добротворен карактер. Задачата на претпријатието не е само остварување и акумулација на добивка туку и враќање во средината. JUB секоја година организира сé повеќе слични акции на кои што се гордее. „Акушерската болница во Постојна е исклучително призната установа и среќни сме што можевме кај нив нешто да направиме за новороденчињата, мајките и за посветените вработени. JUB развива врвни производи кои не се штетни за здравјето и околината а воедно се соодветни особено за просториите на акушерската болница."

Војка Кос, директорката на маркетинг во JUB ги појаснува причините, зошто нивната соработка со болниците станува постојана: „Секоја година учествуваме во хуманитарни проекти за помош на словенските болници и училишта. Минатата година на пример ги обезбедивме сите потребни бои и премази за Љубљанското породилиште, а пак оваа година одговоривме и на пријателската иницијатива на др. Мерло и помогнавме и на оваа призната установа од Постојна."

Акушерската болница од Постојна на јавноста и е позната не само по исклучителната стручност на својот персонал, туку за угледот на болницата придонесува и нивниот многу пријателски однос кон сите корисници кои доаѓаат во таа установа. Во неа се родени и некои познати словенци, како и многу наши пеачи и водители. Меѓу нив е и Барбара Новак од претпријатието Netvizija, која секоја година ги организира овие семејно хуманитарни настани на територијата на цела Словенија:„ Јас и самата два пати се породив во оваа болница и не можам да не му се заблагодарам на персоналот и нивниот однос кој мајките. Волшебната вила, виножитото од бои и Jub – овиот заштитен лик Бојан, јунак од истоимениот цртан филм кои во приемното одделение ги наслика нашиот признат сликар Иво Кисовец, одсега заедно со нас ќе се радуваат на секое новороденче родено во оваа болница."

## Хуманитарни изведувачи во акушерската болница во Постојна

Молерите од занаетчиската комора Логарец, ги извршуваа работите под надзор на членот на управниот одбор Бенџамин Гантар и под стручно раководство на Петар Облак, претседател на нивниот градежен оддел. Занаетчиите од Логатец и градежниот оддел во рамки на занаетчиската комора на Словенија меѓу кои беа Душан Чук, Бернард Млинар и Богдан Маркич, работата ја извршија бесплатно, па и овој пат докажаа дека се сложни и во хуманитарни проекти.



JUB, на болницата и ги подари сите бои и премази Jupol Junior, за кои годинава ја доби ознаката „ecolabel", а пред извесно време ја доби и престижната еколошка награда за производ кој не е штетен за околината. Со бои го снабди и сликарот Иво Кисовец и неговата екипа која што ја затекнавме за време на работата пред двата мотива од бајките да заживеат во приемното одделение на болницата.








Иво Кисовец, како мајстор на декоративната уметност, на јавноста и е познат со својата особена работа во словенските галерии како и на нашето крајбрежје во центарот на Wai Thai и преторската палата во Копар, а се разбира често го повикуваат и во странство за со своите спектакуларни реставраторски и амбиентални интервенции на објектите да им внесе душа со изглед на саканото време.




# JUB во проектот » ДОМ ВО ДОМОТ«

**Во компанијата JUB многу години наназад му се дава поддршка на проектот кој е наменет за едукација на различни целни групи на корисници на бои и декоративни материјали и уреди.**

Така, во 2011 година го поддржавме еден од најинтересните културени проекти „Дом во домот“ организиран од страна на студентскиот дом „Табор“ - Љубљана кој ги доведе дизајнерите Катја Бургер и Јасмина Ферчек како и педагогот Инес Параван. Во проектот беа вклучени сите оние кои живеат во студентскиот дом, каде со нови знаења и практични решенија сами ќе создадат топол дом. Оваа акција ги поврза младите од домот со своите врсници, а воедно и ги мотивираше на тимска работа.





Притоа студентите бараат креативни, лични и естетски визуелно-просторни решенија за да создадат простории во кои добро ќе се чувствуваат и да сакаат во нив да се вратат за повторно да се дружат. Домаќинлакот во заедницата носи тимска работа и создавање средина за соработка, а со тоа студентите ќе се здобијат со соодветен однос кон животната средина и предметите во неа.

Во Љубљана во студентскиот дом, заеднички живеат ученици и едукатори. Во него заедно живеат преку целата учебна година 300 ученици од различни делови на Словенија, каде секоја есен им се приклучуваат околу 100 нови ученици. Овие млади луѓе во главниот град доаѓаат од предградието или руралната средина. Има многу тешкотии и неволји при прилагодувањето, а експертите забележуваат дека тие дури и се зголемуваат со текот на годините. Раководителите на проектите се обидуваат да одговорат на прашањето за тоа како да се создаде дом во студентскиот дом. Не е доволно просторот да е уреден, опремен и да има соодветно греење и доволно светлост, туку мора да нуди и топлина како и чувство на припадност кон таа околина.



Проектот вклучува неколку фази на работа. Врз основа на затекнатата состојба потребно е најпрво да се направи идејно решение. Студентите, најпрво кажуваат како се чувствуваат во одредени простории, што им се допаѓа и што им се чини попријатно и потопло. Изготвуваат и визуелна анализа на просторот, при што ја набљудуваат светлината, боите и формите и прават белешки како тие реагираат. Под водство на експерт ги гледаат и истражуваат модерните визуелни интервенции во архитектурата, ја следат работилницата за учење на техниките на шаблонирање и декорирање на ѕидовите со шаблони, па дури потоа се зафаќаат за визуелни интервенции во одбраните простории. Истражувањата покажаа дека развивањето на вештината на рацете воедно го зајакнува и интелектуалниот капацитет, ја мотивира креативноста, создавајќи чувство на самодоверба и моќ. Боењето и шаблонирањето е релаксирачко и носи нови сознанија за организација на просторот, исто така е и добар избор, за младите луѓе да создадат своја животна слика за иднината. Овие сознанија постарите можат да ги пренесат и на помладите студенти, а чувството на припадност кон својата заедница обезбедува и позитивен однос кон сите заедници.



Проектот ДОМ ВО ДОМОТ е пилот проект со уникатен креативен пристап, каде што поединците бараат трајно решение да коегзистираат во дадена урбана или рурална средина, на улица, кварт, плоштад или селска населба. Покрај заедничкиот интерес, нив ги здружува и осознавањето на нови и креативни методи на работа, а целта е иновативно да се реализираат најкреативните иницијативи. Средствата за проектот заедничка уметност ДОМ ВО ДОМОТ ги обезбеди јавниот фонд за културни активности на Репоблика Словенија, а JUB ги обезбеди сите потребни бои и шаблони.



# Од идеја до реализација

**На само 70 – тина километри западно до Скопје, се наоѓа трговецот Агим Арифи кој со право по втор пат зазема учество на нашите страници на JUB Магазин. Имено, овој човек кој се носи со многу идеи од областа на градежништвото, успева истите и да ги реализира.**

Денес на мое големо задоволство сум присутна во неговиот дуќан во Гостивар и тоа не само во дуќанот, туку и во неговиот нов изложбен салон, за кој и ќе зборуваме во овој број на JUB Магазин.

1. Како дојдовте до идеја да направите, со право можам да кажам, прв од ваков вид изложбен салон, од областа на градежништвото?

- Секогаш парите и љубовта кон работата се најголемиот двигател во работењето, така и мене тие постојано ме тераат да размислувам како да ја подобрам продажбата во мојот град и мојата област, иако се соочувам со конкуренција во истата. Така и дојдов до идеја да направам изложбен салон кој ќе биде пристојно и сосема различно уреден од продажните салони и најчесто се натрупани и со градежни материјали и железарија.

2. Кога најпрво Ви се појави идејата?

- Многу одамна имав идеја и желба за вакво нешто, но не се осмелував да почнам со реализација. Оваа година на покана на компанијата JUB од Скопје, ја искористив можноста заедно со други трговци од Македонија, да го посетам новиот Технолошко Истражувачки Центар во JUB Словенија, а таму на мое големо задоволство при разговор со еден од архитектите кој е вработен во JUB Словенија, се разгоре идејата која веќе мораше и да се реализира. Така кога се вративме од патувањето, веднаш се„фатив" за работа и заедно со вработените во JUB Скопје ја реализиравме идејата и го уредивме просторот онака како што изгледа т.е. онака како што си замислував дека треба да биде.





3. Кои се вашите очекувања од ваквата инвестиција?

- Моите очекувања се многу реални, имено со ваквиот салон ќе ги привлечам не само мајсторите и мажите туку и понежниот пол - жените, кои пак се клучни во уредување на домовите како за внатрешното уредување на домот така и однадвор со фасада. Во овој салон како што можете да видите, декоративните малтери и техники за внатрешно уредување се достапни на големи површини за визуелно да се види ефектот од материјалот и изведбата, а исто така и да се почувствува материјалот дали е рапав или мазен, која е сјајноста на вградениот материјал како и комбинацијата на бои кои би се употребиле во нивниот дом. Исто така, најголеми достигнувања очекувам на пролет кога и ќе се вратат нашите сограѓани од странство и кога тие ќе почнат како и секоја година со градење или реновирање на своите домови, за што и не жалат пари односно се натреваруваат (што е и нормално за секој жив човек), на кого подобро ќе му изгледа домот.



4. Со оглед на тоа дека се два посебни локали иако се еден до друг, дали ви претставува проблем организацијата во работењето?
- Напротив, овој концепт на работа повеќе ми одговара. Најпрвин луѓето го одбираат материјалот и нијансата и додека истиот се подготвува тие комотно седат во изложбениот салон во придружба на кафе или чај, а со тоа и не ми се прави гужва во продажниот дел каде и што се подготвува робата.
5. Како ви изгледа еден работен ден со мајсторите?
- Секое утро мајсторите се собираат во изложбениот салон, каде сите заедно се размрдуваме со кафе или чај, се прават нарачките кои им се потребни за работа на објекти во тековниот ден, си пожелуваме среќна работа и секој со своите обврски го продолжува денот, за да на крајот од денот повторно се собереме и дискутираме за тоа кој како поминал, дали наишол на проблеми при работењето и како истите да се решат. Додека тие се на објект, знаат да дојдат со инвеститорот за дополнително да одберат техника или нијанса, без разлика дали станува збор за декоратива или за пребојување во нијанса.
6. Како планирате да дејствувате во изложбениот салон, за кој рабрав дека воедно ќе биде и клуб за мајсторите?
- Значи клубот ќе го сочинуваат исклучиво мајстори со кои јас соработувам, а за да се знае кои се тие мајстори, истите ќе добијат членски карти кои ќе бидат нумерирани, и врз база на кои ќе имам и увид во поединечното работење т.е. кој колку и какви материјали потрошил за одреден период.
7. Дали има услови кои мајсторите треба да ги исполнат за да можат да станат членови во клубот?
- Секако дека има услови, а тие се пред сé: мајсторите да бидат чесни, да имаат меѓусебно почитување, да си помагаат еден на друг, да не се „тепаат“ на пазарот со цени и работа и што е најважно од сé е да ја познаваат работата со што и јас како трговец нема да имам проблеми околу квалитетот на производите кои ги продавам, а секогаш се трудам да продавам само квалитетни материјали кои имаат сертификати и техничка подршка од производителот.

8. Како им помагате вие во смисла на познавање на работата?
- Секогаш се трудам да им посочам на некои моменти кои се битни за вградување на материјалите, а исто така им организирам и презентации од производителите на материјалите, како што впрочем и пред малку бевме сведоци на една таква презентација организирана од ваша страна, на која пред сé најголем акцент се става на изведбата и вградувањето на материјалот. Бидејќи во просторот не можам да соберам поголем број на мајстори, презентациите ги делиме на повеќе групи од по 20 – тина мајстори и на посебни теми, односно, молери, фасадери и керамичари. Освен презентации за мајстори тука ќе организираме и презентации за архитекти и ученици од градежната насока на средното училиште ЦСХО„Злате Малакоски“ од Гостивар, кои пак се потенцијални мои соработници.
9. Дали сега како што изгледа салонот така и ќе остане?
- Секако дека не, мојата идеја е на секои 3 до 4 месеци да се освежува просторот со тоа што ќе се вградуваат нови материјали и техники во најразлични кобинации на бои и материјали.
10. За крај на нашиот разговор што ќе издвоите како заклучок?
- Јас само можам да кажам дека идеите се секогаш неограничени, само треба да се пушти мислата слободно да лета низ главата , некогаш е малку потешка реализацијата, но со добра поддршка како вашата сé е возможно.
Па, драги читетели се надевам дека уживавте читајќи ги мислите и идеите на нашиот соговорник, со кој ми беше чест денес да разговарам, а воедно и да бидам дел од презентацијата која се одржуваше во изложбениот салон на Примавера во Гостивар. Се надевам дека со овој текст ги поттикнавме вашите размислувања за тоа како би биле и Вие први во промовирање и зголемување на продажбата на градежните материјали во вашиот град, па и во Македонија.



# JUB Академија

**Техничко - комерцијалната служба во JUB Скопје и во минатата 2011 година продолжи со изведба на стручни технички и комерцијални презентации на целокупната JUB-ова производна програма.**

Сите едукативни активности (презентации, демонстрации, обуки, дообуки и сл.), ги изведовме како во нашиот Jub - ов информативен центар (ЈИЦ), така и низ целата држава.
Особено задоволство ни претставуваше големиот интерес за ваков тип на презентации што резултираше со голем број учесници и нови лица кои првпат присуствуваат на настани од ваков тип.
Како и повеќе пати претходно во просториите на Скопски саем одржавме и посебна стручна техничка презентација за одредена целна група (градежни инженери, архитекти, инвеститори,...) на која беа опфатени различни тематски содржини:

- Основни премази и маси за израмнување,
- Премази за современи ентериери и екстериери,
- Декоративни материјали за внатрешни ѕидни површини.



Покрај составот, квалитетот и правилната апликација на производите за внатрешна обработка кои посебно ги претставивме, добар дел издвоивме и за презентирање на новиот декоративен материјал т.е внатрешната металик боја Jub Décor Glamour, како и комбинирањето на истата со Marmorin во повеќе нови техники.
Во организација на трговците кои веќе работат и оние кои во иднина планираат да ги користат Jub - овите материјали, одржавме повеќе презентации ширум државата и за друга целна група (молери, фасадери, керамичари,..). Како и претходно така и сега, за изведувачите освен теоретски, материјалите задолжително ги демонстриравме и практично.

Паралелно изведовме и повеќе комерцијални презентации наменети пред сé за трговците, комерцијалистите, и сите субјекти кои се вклучени директно или индиректно во продажбата на нашите материјали.
Воедно и во нашиот JUb - ов информативен центар (ЈИЦ) продолживме со апликативните обуки и дообуки за сите заинтересирани лица, почнувајќи од почетниците па се до професионални мајстори.



Со поддршка на професорскиот кадар од средното градежно училиште “Здравко Цветковски” од Скопје, за учениците од повисоките стручни паралелки одржавме и две практични обуки. Во првиот дел учениците апликативно се обучуваа за правилно глетување и нанесување основен премаз -подлога, а потоа во вториот дел и за правилно нанесување завршен премаз -боја.
И во текот на оваа година планираме да продолжиме со апликативните обуки за учениците, а посебно во делот на правилно вградување топлотно - изолациски систем – Jubizol fasada.

Доколку сметате дека вакви стручни презентации на нашата компанија се потребни и за Вас, за Вашата фирма и Вашите вработени, контактирајте не, а ние ќе Ви излеземе во пресрет.
Заедно ќе се потрудиме да ги решиме сите недоумици поврзани со правилната примена на нашите материјали и проблемите кои ги имате во пракса.



JUB Academy

## Календар на одржани презентации во период од 09-12.2011

| ДАТУМ | ОРГАНИЗАТОР | ГРАД | ЦЕЛНА ГРУПА | ТЕМА |
|---|---|---|---|---|
| 14/09/2011 | JUB дооел (Кубус) | Скопје | Архитекти | Јубизол фасада |
| 15/09/2011 | JUB дооел (Термофас инженеринг) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 13/10/2011 | Мега | Куманово | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 14/10/2011 | JUB дооел (Руски) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 17/10/2011 | JUB дооел | Скопје | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 27/10/2011 | JUB дооел | Скопје | Архитекти, инвеститори | Внатрешен програм (подлоги, глет маси, бои, декоратива) |
| 04/11/2011 | JUB дооел (Алекс Колор) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 14/11/2011 | JUB дооел (Интел) | Скопје | изведувачи | Внатрешен програм (подлоги, глет маси, бои, декоратива) |
| 22/11/2011 | JUB дооел (Глигоров Трејд) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 29/11/2011 | Била | Битола | изведувачи | Јубизол фасада |
| 30/11/2011 | Била | Битола | изведувачи | Внатрешен програм (подлоги, глет маси, бои, декоратива) |
| 01/12/2011 | Иднина С | Кочани | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 07/12/2011 | JUB дооел (Јаград) | Скопје | изведувачи | Јубизол фасада |
| 13/12/2011 | Преспа Промет | Ресен | изведувачи | JUB -ов асортиман |
| 15/12/2011 | JUB дооел - ГУЦ Здравко Цветковски | Скопје | ученици | Основни премази, глет маси |
| 16/12/2011 | JUB дооел - ГУЦ Здравко Цветковски | Скопје | ученици | Внатрешни бои |

# Нов информативен систем - инвестиција во иднината

**JUMIX системот за нијансирање, со својата широко раширена мрежа на мешалки во повеќе од 25 земји ширум светот, во изминативе неколку години направи големи чекори во делот на ширење на асортиманот на производи кои можат да се нијансираат, а направи и голем напредок во квалитетот на нијансираните производи. Во 2012 година мрежата на мешалки уште ќе се зголемува до приближно 1.200 мешалки.**




Брзиот развој на системот го следеше и паралелен развој на програмската опрема која се употребува за нијансирање на автоматските, или на рачните мешалки. Затоа, во 2012 година почнуваме со надградување на целиот JUMIX систем на малопродажните места, кое ќе се состои од инсталирање на најсовремен софтвер, кој е резултат на едногодишните напори на експерти од JUB, во соработка со нашите соработници од Холандија - Fast&Fluid Management, кои се производители на машинската и програмската опрема.

Паралелно со модернизацијата на софтверот кој се употребува во JUMIX мешалките на продажните места, се погриживме и за креирање на потполно нов информативен систем, кој сите внатрешни процеси, од развојот - до подготовката на бази на податоци, ќе ги скрати до таа мера што рецептурите ќе можат да се ажурираат на нашиот сервер ftp.jupol.com само со еден „клик“.

Какви новини ни носи новиот софтвер?

- Едно од основните барања на проектот беше софтверот да биде направен на платформа која ќе овозможува понатамошна надградба и прилагодување според желбите на крајните корисници. Тоа ни успеа, така што за најголемите купувачи ќе можеме да направиме посебна конфигурација која ќе овозможи непосредна комуникација на мешалката со нивниот информативен систем (автоматско ажурирање на залихите, креирање на нови артикли со бар-код... и како резултат на тоа – подобрена брзина и проток на касите).





- Покрај тоа, со новиот софтвер е овозможено поврзување на интернет и автоматско ажурирање на рецептурите (дневно, неделно, месечно).
- Следењето на трошоците (и приходите) од работењето никогаш не било полесно. Овозможен е навистина лесен преглед на историјата на мешање за произволно зададен период на време (година, месец, недела, ден, час и.т.н.). Во стандардниот избор на извештаи спаѓаат: дневно одржување на мешалката, најмногу мешани нијанси, најпопуларни тон-карти, начесто мешани производи и се разбира-потрошувачката на колоранти. На Ваше барање посебно можат да се направат и одредени нестандардни извештаи.

- Во базата на податоци се интегрирани и бар-кодовите, заради полесна контрола на нијансирањето, особено во поголемите трговски системи. Системот исто така овозможува употреба на бар-кодовите пред постапката на нијансирање и со тоа ги оневозможува грешките при нијансирањето како на пример избор на погрешна база, пакување, или погрешен производ.

- Постојат две можности за пресметка на цената на нијансираниот производ и тоа: по вистинската цена на материјалните трошоци за подготовка на нијансираниот производ, или со приказ на ценовната категорија. При избор на методата на ценовни категории, овозможено е поврзување на ценовните категории со регистарот на бар-кодови за истите и нивно печатење на етикета.

- Многу е збогатен и приказот на сите најважни параметри на рецептурата за избраниот производ, од најосновните (неопходните) како на пр. приказ на количината на колоранти, па сé до додатните карактеристики поврзани со производот и одбраната нијанса:

  - податок за светлосна или временска постојаност;
  - податок за светлина (Y);
  - препорачана подготовка на површината (употреба на соодветен основен премаз);
  - дополнителни забелешки кои се важни како за корисникот на производот, така и за операторот на мешалката.

- Кај проширениот софтверски пакет ќе биде овозможена и употреба на спектрофотометар, или поедноставно кажано - инструмент кој на самото продажно место ќе може да ја измери нијансата на примерок донесен од купувачот и врз база на мерењето за неколку минути да ја определи и измеша бараната нијанса.










- Брзината на надградба на рецептурите е за 50% поголема во споредба со предходната верзија, а со самото тоа се забрзува и олеснува целата постапка.

- Функцијата „Click & Go Software Recovery“, при непредвидени потешкотии, грешки, или дефекти, овозможува автоматско обновување на софтверот со еден „клик“, сé до моментот кога се случила потешкотијата.

- Мултитаскинг опцијата овозможува извршување на повеќе операции во исто време. т.е. додека трае нијансирањето, операторот може да подготвува сé што е потребно за наредно нијансирање, кое што доаѓа на ред за изработка. Така, во најголема мера се избегнува „мртвото време“ на операторот, кое во минатото се појавуваше додека мешалката го обавуваше нијансирањето.

- Мешалката лесно ќе може да се конфигурира преку интернет, што ќе го намали времето за инсталирање на пакетите и се разбира времето за инсталирање на нова мешалка.












### Едноставна употреба

При развивањето на новиот софтвер, клучно беше барањето тој да биде едноставен за корисникот (user friendly) и лесен за совладување. За постоечките корисници преодот на новиот софтвер ќе биде навистина неосетен, бидејќи постапката на нијансирање и корисничкиот интерфејс ќе останат исти, а поради лесниот и интуитивен избор на рецептури, тој ќе биде многу едноставен за употреба и за новите корисници.

И покрај сите новини кај новиот софтвер, некои карактеристики од предходната верзија не ги променивме. Софтверот е без големи барања во поглед на хардверот, што ќе значи дека постоечките компјутери нема да мора да се менуваат. Перфектно и брзо ќе работи на оперативните системи од Microsoft Windows NT па натаму (Windows 2000, Windows XP, Windows Vista, Windows 7), заклучно со Windows 8 (тестиран е на Windows 8 Developer Preview верзијата), кој се очекува официјално да стартува на крајот на 2012 година .

### Контрола со помош на „смарт“ телефон

Поради гореспомнатите причини, нашата идеја за поврзување на мешалките со интернет се покажа исправна, бидејќи носи многу предности, вклучувајќи ја и можноста за контрола или помош при работата на мешалките, со употреба на „смарт“ телефони. На крајот, кога зборуваме за ажурирање на мешалките преку интернет, мора да спомнеме дека придонесуваме за смалување на емисијата на $CO_2$ во околината и тоа по 30 kg за секоја мешалка. Секој килограм се брои...



# JUB Профил

## Дипломиран инженер архитект, г-ѓа Билјана Мукаетова од Скопје

Откако дознав за компанијата JUB во Скопје, и тоа како дејствуваат на пазарот со своите услуги и производи, редовно сум присутна на сите нивни излагања на саем, како и на сите презентации кои ги одржуваат два пати годишно за архитекти и проектанти. Јас како дип. инж. архитект се трудам секогаш да сум во фокусот на новините во областа на градежништвото, промовирањето на новите производи како и нивното усовршување и аплицирање. Со добивањето и гледањето на филмот „Jubizol Fasada", полека навлегов во проблематиката „контактни фасади" или така наречени термички фасади, кај кои завршната обработка е пресудна како за функционалниот така и за естетскиот изглед на подолг временски период. За жал котлинската положба на нашиот град Скопје како и многу специфичната клима, а секако и загадениот воздух имаат голем придонес за стариот изглед на поголемиот број на објекти.

Моето работно искуство е стекнато преку долгогодишна работа во областа на станбената изградба, како и неколку поголеми објекти од јавен карактер. Сега се присетувам на дамнешните „Демит Фасади", па за тогаш новиот објект на МНТ и употребата на фасадниот завршниот слој наречен „креутол" кој не ја задржува прашината на фасадата како и големата косина на истиот. Сите овие фасади не можат да се споредат со денешната понуда на термо фасади.

JUB во својата производна програма ги нуди сите пратечки материјали кои се потребни за правилна изведба на една термо фасада, која треба да има постојан изглед и термичка ефикасност на подолг временски период, од мој аспект со право го носи името „Jubizol Fasada". Со правилна примена на материјалите кои ги нудат Jubizol фасадата овозможува реализација на два аспекта а тоа е рационална фасада и функционален естетски изглед, а за тоа кој степен на реализација ќе постигнете секако зависи и од финансиските можности.







Кога станува збор за финансиите во JUB имате можност да изберете од – до, што е исто така битен сегмент кај народот во време на економска криза.

Во продолжеток би сакала да ви го доловам моето искуство од изведбата на Jubizol Fasada на мојот објект кој е во центарот на Скопје и што е најважно стар е повеќе од 50 години. Пред 2 години отпочнав со реновирање на индивидуалната куќа која се состои од подрум, приземје и кат. Покрај градежните зафати за доградба и надградба со поткровје дојде на ред и обновата на фасадата на стариот дел, но и поставување нова на доградениот дел од објектот. Уште кога ја изготвував проектната документација, по пат на селекција важно, поважно, најважно, се одлучив за максимална термичката заштита и квалитетна фасада. За да ја постигнам термичката заштита, вградив прозорци со трослојно стакло како и стиропор со дебелина од 10 и 15 cm тврдо пресуван. Изведбата на Jubizol Fasadata ја водев лично јас заедно со назначен надзор, за изведувачи склучив договор со една вевчанска група на мајстори, за добавувачи на потребните JUB-ови материјали за комплетна изведба на фасадата, се договорив со еден од нивните дистрибутери Компанија Велковски кои пак беа задолжени за навремена испорака на истите. Можам да посочам и пример дека кога беше на ред да се ставаат типлите на фасадата и покрај тоа што на залиха ги немаа челичните типли со должина 22 cm, истите беа веднаш нарачани од Словенија и стигнаа во Скопје за 10 дена, што според мене и не е така долг период кога се работи на голем објект и кога на време ќе предвидиш што ти е наредно потребно за работа.

Во JUB Скопје ми понудија и техничка поддршка на објектот како и тоа ако биде добра изведбата на материјалите ќе ми се издаде писмена гаранција со важност од 10 години, а потоа следи препорака за пребојување и повторно гаранција за наредни 10 години. Во консултација со претставниците од JUB Скопје, како завршен материјал се одлучив за измазнет малтер со гранулација од 1,5 mm и за нијанси кои имаат повисок степен на светлосна постојаност. Со изведба на Jubizol Fasadata отпочнавме на 07.09.2011 година, од вевчанската група на мајстори досега само двајца имаа работено со JUB – овите материјали, останатите мајстори беа на обука во JUB, за групата да ни биде комплетно обучена и спремна за работење. Изведбата течеше по пропишаниот ред запазувајќи ги и временските услови за работа и опфаќајки ги сите фази на работа од лајсни, профили, типлување, опшивање на отворите, армирање на стиропорот, па се до правилно вградување на завршниот слој на фасадата а тоа е акрилниот малтер во боја.

Техничката поддршка која ни ја овозможи техничката служба на JUB се состоеше од секојдневна посета на објектот, а понекогаш и интервенираа со свои совети и забелешки кои беа на место.

Изведбата на фасадата заврши за не полн месец т.е. на 01.10.2011 година, а крајниот изглед е онака како што и очекував, во моментов сум задоволна од добро завршената работа, а верувам дека истото чувство ќе ме „држи" и во наредните години бидејќи не очекувам изненадувања во техничка смисла, но секако очекувам изненадување од аспект на подобра заштеда на електрична енергија која во наредниот период ќе ми ја исплати инвестицијата за ваков тип на фасада.

За крај моја лична препорака „не употребувајте микс од материјали од различни производители! Определете се за единствена хемија", како што тоа го направив јас искористувајќи ја технологијата на Jubizol fasada, а тоа е еден производител на сите материјали потребни за изведба на термо фасада, секако доколку сте во финансиска можност не заборавајте на квалитетните материјали кои јас ги употребив на својот објект што им дава дополнителна сигурност на идните инвеститори на објекти, дека ние аритектите не само „солиме" памет, туку и самите се одлучуваме за материјали во кои веруваме. При ваквата соработка со JUB, во иднина доколку ми дозволат инвеститорите, ќе се залагам за имплементирање на производи со проверен квалитет.





# Akrinol Flex

**Со цел да се одговори на предизвикот за ново уште поквалитетно и полесно за аплицирање лепило за керамика, JUB на пазарот во втората половина од 2011 година го понуди својот нов производ:**

AKRINOL FLEX
флексибилно лепило за керамика
AKRINOL FLEX е повеќенаменско градежно лепило со продолжено отворено време за работа, за внатрешна и надворешна употреба, изработено врз база на цемент и полимерни врзива.
Соодветно е за лепење на керамички плочки, клинкер, стаклени и други мозаици на сите видови ѕидни површини (фини варови, варовоцементни, гипсени и цементни малтери, гипс-картонски и влакноцементни плочи, порозен бетон, водоодбивни иверки итн.), и подни површини (бетон, цементни естриси,..).
Лепилото го одликува зголемената флексибилност, и затоа можеме да го употребиме пред сè за лепење керамика на површини оптоварени со повисоки температури или други влијанија.
Се употребува и за подна керамика на тераси, балкони, надворешни скали, во објекти со подно греење, за лепење нова на стара керамика како и за лепење на подна керамика во базени.
Покрај флексибилноста лепилото се одликува и со продолжено отворено време на нанесениот слој што во нормални услови е подолго од 30 min. Согласно барањата на стандардот SIST EN 12004 лепилото е класифицирано во групата на цементни лепила со намалено лизгање и со продолжено отворено време - C2TE.

Следејќи ги иновативните технологии JUB-овиот развојно-истражувачки центар на пазарот во тековнава 2012 година ќе пласира најнова група на производи, односно :
Juboglet ...... Маса за израмнување врз база на гипс
Jubosan W120 ......Подложен малтер за санација
Jupol Strong ...Високо перива боја за многу оптоварени внатрешни површини,
како и долго очекуваните Минерални малтери (пердашен и измазнет) од Markpro програмата.
За наведените материјали од новата производна програма подетално ќе информираме во следниот број на JUB магазин.




# Проверен квалитет во нова амбалажа

**Заради подобра препознатливост и услогласување на амбалажата со линијата на производи JUB Professional, од оваа година ја сменивме амбалажата на дел од производите од т.н. “сува линија на производи”.**



# Декоративна техника MARMORIN VERSUS

**Со техниката MARMORIN VERSUS (латински израз за <бразда>) постигнуваме атрактивен изглед на површина по која вдолж еднакво се распоредени попречни бразди, исполнети со JUB décor Marmorin или JUB décor Glamour.**

Изгледот може да се спореди со изгледот на кората од дрвото или промените на дрвените површини со текот на времето предизвикани од временските услови (пр.дрвени врати,..)

Алат
- декоративен чешел
- четка
- валјак
- нер’ѓосувачка заоблена глетарка
- нерѓосувачка лопатка



Материјал

- JUB décor Marmorin
- JUB décor Glamour
- Jupol Gold
- Akril emulzija
- Jubolin




Подготовка на подлогата

1. Предбоење

Подлогата мора да биде сува, цврста и чиста, без остатоци од масла, дамки или други нечистотии. Потоа вршиме предбоење со цел да добиеме егалност и униформен тон на површината на подлогата. Употребуваме бела боја (Jupol Gold) од причина што и нијансата на масата за израмнување е бела.
Доколку не сме извршиле предбоење пред да нанесеме кит Marmorin, на местата каде наносот од китот е потенок може да се види нијансата од подлогата.



2. Израмнување на подлогата

Подлогата ја израмнуваме со глет маса Jubolin, при што не е потребно идеално мазна површина. Измазнуваме со челична нер’ѓосувачка глетарка.





3. Брусење на површината, отпрашување на остатоците (со фина метличка или со вшмукување).





4.Импрегнација

Импрегнираме со Akril emulzija растворена со вода во соодност 1:1, а нанесуваме со валјак (нанесување со прскање не е потребно).




Постапка на изработка

1. Нанесување на Marmorin

Се нанесува со нер'ѓосувачка глетарка во дебелина на наносот од 2~3 mm. Нанесува првиот мајстор во количина онолку колку што може вториот мајстор да изработи, пред Мarmorinот да го <<повлече>> подлогата и да почне да се згуснува или да создава површинска кожа.



2. Изработка на структурата

Ја изработува (обликува) вториот мајстор при што како алат се користи декоративен чешел. Се почнува од крајниот лев раб и се продолжува понатаму во правец на претходниот нанос. Декоративниот чешел го влечеме по површината во саканиот правец со преклопување меѓу потезите (вдолж или попреку) при што најдобро е потегот да се изведе одеднаш од почеток до крај.
Кога Марморинот ќе се насобере меѓу пластичните влакна од четката, истата ја чистиме со вода и ја сушиме. Работата на двајцата мајстори мора да биде истовремено и пред се временски темпирано.



3. Премачкување со JUB décor Glamour

Нанесуваме Glamour со четка вертикално во правец на претходниот нанос. Со глетарка ги измазнуваме врвовите кои одстапуваат уште додека е мокар наносот. Аголот помеѓу глетарката и површината најдобро е да биде над $45^0$.





Важно:
Сите заинтересирани за правилна изведба на наведенава и други наши декоративни техники, можат да добијат бесплатна обука од стручно лице доколку ги посетат просториите на нашето претставништво ЈУБ Дооел Скопје, по претходна најава на бројот 02/2454027.



# Нови декоративни техники

**Во последно време за уредување на внатрешниот простор, инвеститорите се повеќе бараат од изведувачите да изработат и некоја декоративна техника во просторот каде живеат или работат.**

Целта на декоративните техники, освен што ќе го разубават просторот е и да имаме чувство дека сме опкружени со природни материјали.

Во нашата програма имаме декоративни материјали, како што се MARMORIN, ARTCOLOR, JUBOSIL ANTIK, JUB DEKOR GLAMOUR, со кои може да се изработат најразлични техники.

За структура или основа кај некои декоративни техники се користат посебни подлоги, глет маси, бои па и самите декоративни материјали.

Во овој JUB Магазин ќе ви прикажеме дел од новите техники кои веќе се тестирани од наша страна, со комерцијални имиња: EGEO, JEANS, MADEIRA, MIKA, PEARL, SAHARA, GLAMOUR PEARL и GLAMOUR SPUGNATO.

- EGEO

техника која се изработува со декоративниот кит MARMORIN, и има изглед на грчки мермер. На сува, чиста и цврста подлога како основа се нанесуваат два тенки слоја од MARMORIN, откако ќе исуши добро, со глетарка се нанесува трет слој за да се добие релјефна структура, и како завршен слој се премачкува со Marmorin emulzija.



- JEANS

техника која има изглед на џинс, и е интересна декорација. На сува, чиста и цврста подлога како основа се користи комбинација од Revital primer и Jubosil color silikate во однос 1:1, се нанесува со четка, првиот слој хорзонтално, а вториот слој вертикално, задолжително сушење 24 часа после секој слој. Добиената структура се бои во два слоја Jubosli antik, првиот слој хоризонтално и вториот вертикално при што мора да внимаваме сушењето помеѓу овие два слоја да не биде помалку од 6 часа.



- MADEIRA

со оваа техника се добива ефект на преливање нијанси. На сува, чиста и цврста подлога како основа се пребојува со Jupol silikate во два слоја, по сушењето од 24 часа се нанесуваат два слоја Jubosli antik со декоративна ракавица, каде што времето на сушење помеѓу овие два слоја да не е помало од 6 часа.



- MIKA

се изработува со Artcolor, и има ефект на вештачка трева. На сува, чиста, цврста и измазнета површина со валјак се нанесува Artcolor гел како прв слој, после 6 часа сушење се нанеува втор слој со четка од Artcolor гел, во нијанса, и како завршна фаза со декорациски чешел се формира структурата.



- PEARL

Оваа техника има изглед на бисер. Основата се пребојува со Jupol Gold во два слоја, се остава да исуши 24 часа. Со валјак се нанесува Artcolor гел и  како завршна фаза со декорациски валјак се поминува во неколку правци за да добиеме структура.



-Glamour spugnato

За ова технника како основа пребојуваме со Jupol gold во два слоја и оставаме да исуши 24 часа. Со природен сунгер нанесуваме  два до три слоја  JUB Decor glamour во две или три нијанси.



- Glamur pearl

Има изглед на бисер ,  на сува, чиста,цврста и измазнета површина се нанесува прв слој JUB Decor glamour во исто време се пегла со парче заоблено дрво во полукружни движења , по сушење од 6 часа се нанесува втор слој JUB Decor glamour и повторно се пегла со полукружни движења.



-Sahara

Оваа техника има изглед на пустина, за добивање на структура се користи Revital primer кој го нанесуваме со четка во дијагонални правци (движења) и се остава да суши 24 часа , откако ке исуши нанесуваме два слоја JUB Decor glamour со четка при што се внимава на времето за сушење помеѓу двата слоја кое не треба да биде помало од 6 часа.



За овие и сите други техники, подетални информации и обука за истите може да се информирате во просториите на ЈУБ дооел Скопје.

# Совет за избор на вистинска боја во вашиот дом

**Без разлика дали станува збор за ентериери, или некој производ, бојата во преку 50 % ос случаите е причина за нашето мислење за одреден предмет или простор. Важноста на боите честопати се занемарува, и покрај нивното суптилно, но значајно влијание. Еве неколку совети во врска со изборот на боја за ѕидовите.**



Размислете за своето расположение

Кога избирате боја, размислете за атмосферата во собата! Дали во спалната соба сакате да се чувствувате одморено и спокојно, или драматично и интимно? Генерално меките, студените и неутралните бои создаваат помирна атмосфера, додека посилните бои се за подраматично опкружување.

Дали сакате трпезарија која ќе поттикнува на дружење или пак да делува формално и тивко? Потоплите, контрастни и посветли тонови создаваат друштвена атмосфера, додека длабоките сино-зелени и неутрални бои го прават амбиентот поформален.

Дали сакате детската соба да ја поттикнува детската активност и да дава енергија, или пак да делува смирувачки? Внимавајте да не предизвикате преголема стимулација со премногу интензивни бои кои можат да делуваат иритирачки.

Доколку не сте сигурни каде да започнете со боја, експериментирајте во ходникот или во бањата. Доколку сами бојадисувате, одберете простор кој лесно се бојадисува, односно подоцна лесно може да го пребојадисате доколку не ви се допаѓа резултатот, при ваквата одлука користете некоја од готовите нијанси на Jupol Trend или Jupol Junior боите.





Обрнете внимание на осветлувањето

Дневната светлина ја прикажува вистинската боја. Обичната светилка ги засилува топлите тонови како и жолтата боја, додека флуоресцентната светлина (од неонката или штедливата светилка) даваат остар син тон на просторијата.
Затоа силната боја може да биде пресветла и премоќна за ѕидовите кои се наоѓаат покрај големиот прозорец, но затоа може да биде ефектна на мал ѕид кој ќе се истакнува





Погледнете од друга соба

Дознајте како делуваат ѕидовите еден на друг кога сте во соседната просторија и кога имате можност да видите дел од другата соба низ неа. При изборот на боите размислете како ќе изгледа нивниот визуелен тек од соба во соба, со цел да се создадете целосна слика.

Следете го тркалото на бои

Тркалото со спектарот на бои е одличен алат за модифицирање и комбинирање на две или повеќе бои. На пример, црвената и зелената кои се комплементарни (спротивни) бои, делуваат најинтензивно кога се употребуваат заедно. Може да се изненадите колку многу комбинации изгледаат прекрасно и привлечно.

Повлечете линија од жолто-зелената боја до точката на црвено-виолетовата: ќе видите дека сите бои на левата страна се топли, додека оние од десната се студени.

Различни примени на боја

Една боја употребена на ѕидовите и на дрвенаријата создава сосема друг ефект доколку е применета на различен начин. На пример, бојата на ѕидовите и дрвенаријата може да биде иста, но доколку сјајноста на ѕидовите е со помал отсјај, а дрвенаријата е со сатенска или полусјајна завршница, боите ќе изгледаат поинаку.

Внесување длабочина на ѕидовите

Доколку мазните ѕидови обоени со една боја зафаќаат голема површина, може да се добие ефект на здодевност. За да станат поинтересни и попрефинети, може да употребите суптилни и по малку драматични техники на визуелни текстури и прекршувања на бојата. Може да употребите сјајни бои како Jupol Latex Saten како и бои кои создаваат длабочина, како добри примери за ова може да ги наведеме боите на бакарот, бронзата, и секако старинската сребрена и златна боја кои пак ќе ги добитете како производи со комерцијални имиња: Acrylcolor, Art Color и Glamour.







# Кога градежните работи ќе тргнат наопаку

**Попусти се совршените планови кои архитектите ги исцртуваат, во ситуација кога оние што треба да ги пренесат во материјалниот свет - градежниците, ќе ги направат нештата сосема погрешно. Тогаш, добиваме градби за кои не можеме а да не се запрашаме дали можеби не се работи за шега....**



Скали?



Убаво одбрана локација



Генијална поставеност



Нешто недостасува



Повторувањето е мајка на знаењето



Некоординираност



Добро просторно планирање




Никогаш не можеш да бидеш премногу сигурен



Луди гаражи




Нештата никнуваат на најчудни места



Банкомат



JUB DesignStudio

# JUB Design Studio

**Во овој број на JUB Магазин, Ви прикажуваме три изработени JDS - а и тоа на два објекта во Скопје и еден во Прилеп**

На барање на инвеститорите првиот објект е изработен со декоративен малтер во светли нијанси и тоа во комбинација 1075 со 1073, а за цокле е користен материјалот Kulirplast со нијанса 440. Вториот предлог за истиот објект е комбинација на декоративен малтер во нијанса 1122 и 1124, со цокле Kulirplast 470.






На вториот објект на барање на инвеститорот кој не сакаше прекршувањата на објектот да се интензивираат со бои, препорачавме декоративниот малтерот да биде во една нијанса и тоа 1124, која ја прошаравме со цокле Kulirplast 480.












Третиот објект, кој има големи површини и нема големи прекршувања во самата градба, инвеститорот кој бараше разигрување со темни нијанси, а сепак објектот во најголемата површина да остане бел, направивме комбинација од бела со интензивна црвена нијанса 5582, како и Kulirplast 460 кој е искористен за цокле, додека во вториот предлог прекршувањето е направено само со Kulirplast 440.






Доколку веќе се решивте на вакво нешто, тогаш контактирајте нé на бул. Јане Сандански бр.79а-3, тел: 02/ 24 54 027 или на e-mail: jub@jub.com.mk


Во што
Вашата куќа
се чувствува
најдобро?
JUB
JUBIZOL
Фасадни системи по мерка
www.jub.eu